Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

склучен во Скопје, на ден 17.03. 2022 година, помеѓу:

1. **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, со седиште на ул. Аминта Трети бр. 2 1000 Скопје, претставувано од министерот, г-н Љупчо Николовски, како прва страна потписничка, и

2. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за земјоделски науки и храна**, со седиште на ул. 16 Македонска бригада бр. 3 1000 Скопје, застапуван од деканот, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ;

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Градежен факултет**, со седиште на бул. Партизански одреди 24, П.Ф 560 1000 Скопје, застапуван од деканот, проф. д-р Златко Србиновски;

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина**, со седиште на ул. Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје, застапуван од деканот, проф. д-р Лазо Пендовски; и

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**, со седиште на ул. 16 Македонска бригада бр. 1 1000 Скопје, застапуван од деканот, проф. д-р Кирил Сотировски, како втора страна потписничка.

Во понатамошниот текст, „страните потписнички“.

**Општи одредби**

Член 1

Предмет на овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум“) е овозможување, поттикнување и афирмација на соработката меѓу страните потписнички во сите области од заеднички интерес, како и обезбедување различни форми на достапност на апликативни и научни искуства, знаења, анализи, како и други форми на експертиза на втората за потребите на првата страна потписничка.

**Облици и начини на соработка**

Член 2

Меѓусебната соработка помеѓу страните потписнички на Меморандумот ќе се остварува преку следниве облици и начини:

- Развој на стратешки документи, студии, анализи и трансфер на знаење од областа на земјоделската дејност и храна, шумарството, ветеринарната дејност и градежништвото од областа на хидротехниката;
- Соработка во реализација на заеднички проекти од различни сфери на интерес на страните потписнички и нивно аплицирање пред домашни, европски и други меѓународни фондови за финансирање на проекти;
- Соработка при креирање политики од областа на земјоделската дејност и храна, на шумарството, на ветеринарната дејност и на градежништвото од областа на хидротехниката, во делот на изработка на легеслатива;
- Организирање и реализација на практична настава и овозможување на кариерно унапредување за студентите од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за земјоделски науки и храна;
- Организирање и реализација на практична настава и овозможување на кариерно унапредување за студентите од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Градежен факултет;

- Организирање и реализација на практична настава и овозможување на кариерно унапредување за студентите од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина;
- Организирање и реализација на практична настава и овозможување на кариерно унапредување за студентите Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Член 3

Врз основа на овој Меморандум, страните потписнички поаѓајќи од своите интерни правила и интереси, можат да склучат посебни договори во врска со меѓусебната соработка.

**Финансиски одредби**

Член 4

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

**Дополнувања и прекин**

Член 5

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барање на страните потписнички.

Секоја од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка..

**Важност на Меморандумот**

Член 6

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила додека не биде раскинат.

Овој Меморандум е склучен во 10 (десет) еднообразни примероци, по 2 (два) за првата страна потписничка и 8 (осум) за втората страна потписничка.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
министер, дипл. правник
Љупчо Николовски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје –
Факултет за земјоделски науки и храна
декан, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ;

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје –
Градежен факултет
декан, проф. д-р Златко Србиновски;

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина
декан, проф. д-р Лазо Пендовски;

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје –
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
декан, проф. д-р Кирил Сотировски